# ОГЛЕДАЛО

Тетовско - гостиварска епархија

Година I · Број 1

Слово на Архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан

Слово на Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф




Слово на јеромонах Кирил Пејчиновиќ
За празникот Прочка

# СОДРЖИНА


Воведно Слово на Митрополитот тетовско-тостиварски г.Јосиф....3

Слово на Архиепископот охридски и македонски г.г.Стефан.....4

Слово на Митрополитот тетовско-гостиварски г.Јосиф.............6

Слово на јеромонах Кирил Пејчиновиќ за празникот Прочка....8

Богослуженијата во Великиот пост........................................9

Колку често треба да се причестуваме.................................12

Великиот пост.........................................................................15

Света тајна покајание (исповед)..........................................18

Великиот пост - пат кон воскресенито.................................23

Преподобен старец Порфириј Кавсокаливитски......................25

Огласително слово на свети Јован Златоуст..........................27

Вести и настани и од епархијата..........................................28




*Со благослов на*
*неговото високопреосвештенство*
*Митрополитот тетовско - гостиварски*
*г. Јосиф*

# Воведни зборови

Среде густата и темна шума на разни книжевни дела и запишани зборови, во ова наше презаситено време со разни податоци и информации, повторно најсилно и непомрачено сјае вечноживото православно слово, во кое како од најчисто огледало јасно се одразуваат пресветлите зраци на Божјата вистина. Напојувано од непресушниот и животносен Источник на премудроста, Христос, нашиот човекољубив Спасител, и одгледувано од трудовите и потта на светителските подвизи и од светата маченичка крв, тоа слово непрестајно раѓа сочни плодови на светителство, а не претставници на празната и лажна човекоугодничка „мудрост“.

На тоа широко и пребогато поле со спасителни светоотечки слова, со духовна радост и благодарност кон Бога, го принесуваме и овој наш мал и скромен труд – православното списание „Огледало“, плод на сите христољубови работници од оваа наша богочувана епархија Тетовско - гостиварска. Името „Огледало“ го позајмивме од истоимената прочуена книга на преподобниот наш отец Кирил Пејчиновиќ Тетоец, а воедно, со името, од овој голем преродбеник на нашиот многустрадален народ ја позајмивме и неговата свештена намера, неговата животна цел - пожртвувано да му послужи на христијанскиот род „ради потреби и ползованија“, заради спасение на душите. И како што во Кириловото време христијаните биле соочени со големи искушенија, потчинети на иноверна и иноплемена власт, без никаква можност за образование, така и во ова наше време, православниот човек, потонат во богозаборав и земски грижи за овој трулежен свет, стои неподготвен пред моќниот налет на разорниот дух на богоотстапништвото.

Целта, значи, на „Огледало“ е (како и кај преподобниот и богољубив отец наш Кирил Пејчиновиќ), подавајќи му ги на читателот зборови на вечниот живот од устите на светителите и угодниците Божји, како и од богословите и другите работници на Господовата нива, да овозможи и денес да никнат прекрасни плодови на духовна зрелост и христољубие, да се изгради вистински богообразован човек, онаков каков што Бог го сака и со кого Црквата Христова се радува.

Молитвите на Пречистата и Преблагословена Владичица наша Богородица и Дева Марија, „непосрамливата Застапничка на христијаните“, и молитвите на нашите првопросветители, рамнопостолните Кирил и Методиј и сите Божји угодници, нека нè поткрепат во ова просветителско дело, а на читателите нека им дадат духовни сили за препород на православието во нашата епархија.

† Јосиф,
Митрополит тетовско-гостиварски



# Слово на Архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан

*изговорено во храмот „Св. Кирил и Методиј“ во Тетово, по повод востоличувањето на Митрополитот Јосиф тетовско-гостиварски, на 03. 11. 2013 г.*

*Синот Човечки не дојде за да Му служат, туку да служи и да ја даде душата Своја за откуп на мнозина (Матеј 20, 28)*

Високопреосвештен Владико, возљубен брате во Господа,

Целта и смислата на Христовото доаѓање на земјата, беше да ја објави спасоносната наука, да го даде Својот живот за откуп на сите и да го помири човекот со Бога. Затоа и оние кои поверуваа во Него, ги научи да се молат и да помагаат за „волјата Божја да биде како на небото така и на земјата“. За да го направи служењето универзално, и да ги опфати сите луѓе и во сите времиња, ја основа Својата Црква, на која ѝ стана основа (1. Кор. 3, 1), аголен камен (Еф. 2, 20) и глава (Еф. 4, 15). „Едни избра за апостоли, други за пророци, трети за евангелисти, а некои за пастири и учители, за сите да помогнат за усовршување на светите во делото на служењето (Еф. 4, 11-12)“.

Негови пратеници беа, пред сè, апостолите – Неговите најблиски ученици, но такви беа и нивните наследници – епископите. И тие, епископите, како продолжители и исполнители на спасоносното служење, ја извршуваа волјата на Оној, Кој ги избрал и испратил – Великиот Пастироначалник. Такво чувство ги исполнуваше Христовите ученици, а светиот апостол Павле потврдува: ние ја исполнуваме службата на пратеници место Христа... (2. Кор. 5, 20). Ете, таква обврска имаа апостолите, таква должност имаат и епископите – да ја извршуваат волјата Христова на земјата. И нема поголемо достоинство од тоа да се биде благодатно издигнат во избраник на Божјата благодат и соработник Христов во градењето на царството Божјо. Нема повозвишено служење од тоа што е поткрепено од Светиот Дух и од даруваната можност да се биде подражавател на Господа Христа. Оттаму произлегува и обврската на епископот, како продолжувач на апостолкото дело – да го проповеда Евангелието пред луѓето и „постојано да пребива во молитва и служба на словото (Дела 6, 4)“.

Господ Исус Христос беше и добриот Пастир, Кој со љубов го водеше стадото и се грижеше тоа да биде едно. Тој душата Си ја положи и ни даде пример и ние да го правиме истото, како што Тој направи (сп. Јован 13, 15). Таква грижа покажаа и апостолите, таква грижа треба да имаат и епископите и сите свештенослужители. А грижата за стадото е грижа за Црквата! По примерот на добриот Пастир, должни се и избраните пастири да бдеат над довереното стадо, исполнети со страв Божји и поткрепени со благодатната сила на Светиот Дух.

*Црквата Христова е тврдина на вистината, надежта и љубовта. Таа вистина на верата треба да се разгласува со збор и дело, а да се поткрепува со љубов, со љубов кон Бога и луѓето, да се потпира врз надежта, врз надежта во најголемата Надеж – во Бога. И да не заборавиме: христијанството не стигна на сите страни на светот, дури до крајот на земјата (Дела 1, 8), поради силниот глас на апостолите, туку благодарение на целосната оддаденост, на смиреното сведоштво и секојдневните подвизи, поднесени во името на Христа.*

*Епископот е повикан да биде најблизок соработник на Христа, зашто преку изборот се издига на високо место. „А град што стои на врв планина, не може да се сокрие (Матеј 5, 14)", туку треба да им свети на оние коишто тргнале по патот на спасението. Епископот треба да свети преку својот живот и преку словото на благовестието. И нема друг пат освен оној зацртаниот од Господа Христа. Одејќи само по тој пат, ќе може да се биде проповедник на верата и учител за доброто. И не само со збор, туку она што се говори, треба и да се живее и да се потврдува со дела. Словото на епископот секогаш треба да биде слово на вистината за вечниот и времениот живот, слово за Божјата правда и утеха.*
*Ете, возљубен Владико, што очекуваме членовите на Светиот архиерејски Синод, кои едногласно и еднодушно те избравме, како од архиереј и востоличен митрополит, што очекува овој народ и свештенослужителите и што очекува нашата света Црква!? – Да бидеш постојано исполнет со страв Божји, со љубов кон Бога и народот, со усрдна вера да пребиваш во молитвата, да го распалуваш дарот на Светиот Дух... (2. Тим. 1, 6), да го чуваш и зачуваш добриот залог... (2. Тим 1, 12), да ја прославиш службата (Рим. 11, 13) како пратеник Христов и учесник во небесното призвание...(Евр. 3, 1).*
*Како млад не се обесхрабрувај, туку надевеј се на Бога од Кого доаѓа нашата способност (сп. 2 Кор. 3, 4), настојувајќи да го зајакнеш својот позив и избор (2. Петар 1, 10). Не заборавај дека и нашата света Македонска православна Црква, како неделив дел од едната, света, соборна и апостолска Црква, го има Божествено сокровиште од кое произлегуваат обврските на секој свештенослужител, има долговековна историска традиција, неделива од својот православен народ.*
*Доаѓаш во предели каде се длабоки и древни христијанските темели, ќе бидеш меѓу народ кој љубоморно ја чува и живее верата православна, меѓу народ кој поради секојдневните притисоци сè повеќе се оретчува, но овој кој останува е верен народ и си ја сака Црквата Македонска и земјата прадедовска; ќе бидеш архиереј меѓу народ каде што по крстот и полумесечината се идентификува и препознава секој човек и секоја населба.*
*Помагај да се залечат раните, моли се да се утешат онеправданите! Почитувај ги постојните разлики кај секого и учи ги луѓето да им го прават тоа на другите што сакаат другите ним да им го прават! Потсетувај ги дека кој прави неправда, ќе добие според неправдата (Колос. 3, 25), советувај на злото да не се враќа со зло, туку злото да се надвладува со добро (Рим. 12, 21). Поучувај да се бара она што служи за мир и меѓусебно подобрување еден на друг (Рим. 14, 19). Биди толерантен и миролубив, никогаш и никаде не заборавај дека во сè треба да се биде човек, иако тоа е најтешкото! – Сè друго е полесно! - Но најтешкото е најдостојно за секој човек!*
*Чувај го Лешочкиот манастир со неговите стари и нови лузни и светињите во доверената ти епархија! Не заборавај го Бигорскиот манастир и домовите во кои телесно и духовно израсна, како и институциите каде го стекна своето образование! Чувај ја чистотата на православното учење, внимавај на достоинството и брани ја возобновената автокефалност на нашата древна Светиклиментова, Охридска и Македонска архиепископија! И, како што советува светиот апостол Павле – Погрижи се пред Бога да се покажеш како достоен и беспрекорно работлив, кој верно го проповеда словото на вистината (2. Тим. 2, 15), потруди се со верата и љубовта во Христа Исуса во тебе да се преумножи благодатта на нашиот Господ (1. Тим. 1, 14), ... за да го добиеш венецот на славата што никогаш не венее (1. Петар 5, 4).*

*Прими го овој жезол како видливо сведоштво на архиерејската власт и благослови го овој народ, кој молитвено учествува во денешнава радост!*

*Долгоденствувај, Високопреосветен владико! На многаја лета!*



## Слово на Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф

Ваше блаженство,
Ваши високопреосвештенства,
Ваше преосвештенство,
Почитувани членови и претставници
на Владата на Република Македонија,
Почитувани пратеници во Собранието на
Република Македонија,
Почитувани претставници на дипломатскиот кор,
Уважени претставници на образовните
институции, Почитувани претставници на
локалните самоуправи,
Сечесни отци и богољубиви монаси,
Возљубени во Господа браќа и сестри,
Духовни чеда,

Исправен пред вас овде, на амвонот од ова свето место, посветено на сесловенските просветители, светите Кирил и Методиј Солунски, соборниот храм на православното искрено сведоштво на верата Христова во овој дел од македонската земја, не можам, а да не се запрашам, чудејќи се колку е дивен Бог во Своите дела, какви сѐ се патиштата Господови за секого од нас? И ако погледнам назад во свештената историја на Црквата, ако ги прелистам страниците на човековата егзистенција, а макар и за малку ми се дозволи да го зеркам постоењето на секој човек - секаде ќе најдам различен одговор, секаде ќе најдам различен пример за исто дело, за иста состојба, за иста животна случка и ситуација, за истата потреба. Но нема да можам незадоволен да ја затворам книгата на минатото - затоа што од тоа што немам одговор, ќе сфатам едно - дека чудесни се патиштата Господови, дека праведен е Господ во Своите дела, во Својот план за секого од нас. Секому дава според неговата потреба - но и од секого ќе бара одговор според даденото. И од тој праведен суд Божји, никој, никогаш ниту побегнал, ниту ќе може да се скрие.

Затоа, зачуден стојам пред овој свештен собор и во трепет се исповедам - зошто токму моето недостоинство, Милостивиот Бог го удостои со ваква голема духовна одговорност - да се грижам за спасението на довереното паство, да се грижам за Црквата Божја во овој благословен дел од нашата татковина? И одговорот, верувам, никогаш нема да го најдам, доколку го барам во себе, во своите духовни квалитети, потребни за ваквиот повик. Но знам и уверен сум дека само и единствено за едно треба секогаш да се биде подготвен кога ќе се добие ваков дар, ваков повик - секој ден духовно да се умира за Господа, нашиот Бог, Исус Христос. Секој ден да се заборава на себеси, а молитвите и солзите да течат во срцето за секоја и сечија потреба, мака и радост; секој ден да се коленичи за сечиј грев и сечија страст; секој ден да се подигаат рацете кон небото за добробитот на свештенството и верниците; секој ден грижата да дава непостојаност на нашиот ум за секој храм во епархијата, за секој напукнат ѕид на црквите, за секоја паднатата керамида од домот Божји. Такво треба да биде секојдневието на епископот на една епархија - секој ден да станува и останува духовен татко на сите. Некому да му помага со советот, на друг со делото, на трет со молитвата. Да Му служи на Бога и во олтарот на Неговата слава, но и во олтарот на своето срце. Само вака живеејќи, ќе биде подготвен да ги разбере зборовите на светиот апостол Павле - „Тежнее ли некој кон епископство, тој сака добра работа, за која треба да е непорочен... разбран, разумен, уреден, гостољубив, способен да поучува... не насилник, ни алчен, туку кроток, мирољубив и несреброљубив (1. Тим. 3/1-3)“.

Возљубени чеда,

Кога ќе се погледне што сè имаме во духовна смисла и ни е оставено од нашите предци, можеме само да Му благодариме на Господа за таквата милост, да Му воздадеме пофалба за многубројните цркви и манастири, за олтарите и конаците, за иконите и фреските, да Му славословиме за верата на нашите татковци и дедовци, за вистината во која, ете, благодарение на нашите предци пребиваме. Имаме сè што е потребно и наша одговорност е да го зачуваме ова духовно богатство. Но Христовата вистина се чува, само доколку се живее. И залудно ќе се именуваме христијани, ако не живееме христијански; за што ќе ни се црквите, ако не ги полниме, ако не ги посетуваме за богослужбите во секоја недела и на секој празник и не учествуваме во заедничкото дело на христијанскиот собор. А тоа заедничко дело е подвиг и молитва на сите нас заедно - на вашиот владика, вашите свештеници и сите вас.

Стоејќи пред вас, возљубени тетовци, гостиварци, вие што сте дојдени од Мавровско и горнореканскиот крај, не можам, а да не го изразам својот восхит што Господ ме предал на вашите молитви, што ме удостоил на овие надалеку познати и препознати верни души да им станам слуга, „да ви станам сè, за да ве придобијам за спасението (сп. 1. Кор. 9, 22)". Ете, Бог така благоволил, овој дел од македонската земја, постојано да е во подвиг, постојано да е во плач и тага, во страдање, не поради другиот, туку поради нас самите, поради нашето непокајание, поради нашето неопстојување во верата и делата христијански. Но колку сме, толку сме, благословени да сме, Бог да нè отрезни со спасителниот глас на Своето евангелско слово, за да не губиме надеж во Неговата милост и да се грижиме за она што ни е најважно - еднодушноста во вистината, во верата, надежта и љубовта.

А имаме многу славни предци, кои во овие краишта се докажале херојски во подвигот, во тоа како се опстојува, како се брани и како се живее верата христијанска. Тие создавале и граделе за нас, за еве денес, во овие времиња на сечовечко страдание, да имаме прибежиште, да имаме пристаниште од животната бура, да имаме надеж. И токму на нивните молитви пред Божјиот престол се надеваме, на застапништвото на славните Полошки митрополити Јоаникиј и Никанор, на отците Кирил Пејчиновиќ, Николај, Силвестер, Теодор и многу други.

Говорејќи ви пред живото присуство на овие наши славни духовници, но и на соборот светителски, можам само да се заветам дека примарното во моето секојдневно пребивање на епископскиот трон, што ми е доделен на послушание од Светиот архиерејски синод на Македонската православна Црква, ќе биде духовната градба на нашата новоформирана епархија, Тетовско - гостиварската. Како што споменавме, материјалните градби ги имаме, ги наследивме и за нив ќе се грижиме со постојана будност, нови ќе создаваме, но најважна од сè е возобновата на духовниот живот во овие краишта. Да видат овие ѕидови верен народ, кој постојано ќе пребива меѓу нив, да слушнат овие икони и фрески молитви, да тропаат камбаните за служби, да се оживеат манастирите и манастирските имоти со црнороsци.... Но тоа ќе се трудиме да биде секогаш во духот на потврденото црковно предание, натопено со благодатта на Светиот Дух. Зашто, треба уште отсега да се знае, храмот треба да биде само и единствено храм, да биде место за црквување, за проповед и мисија, манастирот треба да биде само и единствено манастир, да биде место за подвиг, за утеха и воспитание.

Ни претстои многу работа - но јас се надевам и на сите вас, возљубени во Господа, а особено се надевам и на свештенството и монаштвото. Ете, служители на Божјиот престол, се исполнува благословеното време кога секој од вас ќе има подеднаква шанса, кога секој од вас ќе треба да се покажува во ревноста, во верата и успесите на духовен план, да се докажува на нивата Господова. А тоа што ќе треба да го сееме, ќе мора да биде само во согласност со преданието на светата Христова Црква, зашто гледаме, само таквата традиција е благословена, само тогаш има успех делото на Црквата. Искушенијата секогаш ќе бидат присутни, дури и ќе се преумножуваат, непријателот на светоста и благолепието, „кнезот на овој свет (Јован 12, 31; 14, 30; 16, 11; Ефес. 2, 2)" постојано се спротивставува на вистината и добрината, но наше е да опстоиме (Матеј 24, 13), особено во согласноста и љубовта да бидеме постојани.

За тоа наше дело ќе се надеваме и на застапништвото, искуството и поуките од оние што се опитни во подвигот, силни во мудроста и знаењето, цврсти во верата - што се многу блиску до нас, од каде што и ние сме произлегле, а и многумина од вас се воспитувале, учеле за верата, ја искусувале молитвата на долгите бденија, го вкусувале и вкусуваат плодот на духовничката љубов и грижа. И, на крајот, најважно е дека сè треба да биде во името нашиот возљубен Спасител: „Не нам, Господи, не нам, туку на Своето име дај Му слава, заради Твојата милост, заради Твојата вистина (Пс. 113, 9)". Амин!

## ПОУКА КОН СИТЕ ХРИСТИЈАНИ ЗА ТОА КАКО ДОЛИКУВА ДА СЕ ПРАЗНУВААТ ГОСПОДОВИТЕ И СВЕТИТЕЛСКИТЕ ПРАЗНИЦИ...
(извадок)

...Поклади идет, се чудиш колку манџи да направиш. Пак се берете по две куќи по три на едно да покладите, да разлагуете, да поете песни соблазнителни, да јадете до ден, да се опиете и скверна безделија да чините за три дни. Немојте, христиани, не губите си душите, не празнујте погански. Сам поклади си со своата челад, штогодер јади, помало пии, поскоро стани, метание чини, зашто утре велик пост. Зашто го велат велик, голем? Зашто голем колку божиќниј пост и он. Зашто го велат великиј пост? Зашто голем захмет требе да тегнемо во него, многи метание, многу богомолство, непиење, нејадење, нелутење се, не карање се, со жена си у постела неспиење, крштење, сриг и сваќи и гозби нечинење, непцуење се, невржуење се, опростуење се, сиромаа пригледуење, утро вечер, на полдне, три пути денес када се крстиш, метание да чиниш, Бога да молиш да ти прости што си чинил сва година. И зашто го викаат великиј пост? Зашто ест десеток он. Демек, на годината имат 366 дни, от десет еден да дадеме Богу, другите нам 9 дена. Што си грешуал срдце, да ти простит и да те помилуват во тија дни. Десетоците собрани на куп во великиј пост, от субота и недела башка, чинат 36 и пол со велика субота и со ноќта спроти велик ден. До полноќ све се постит, никоа субота не се постит, салт велика субота се постит и спроти неделата до полноќ. Така се плаќа десеток Богу, така се измолует Бога.

А вије, како виѓам, едни луди, во сирна недеља ѓоа идет на прочка да се простит, а не се проштеват со гаразлиете, со пизматарите, токо пак со пријателите. И кому што му мисли пак му мислит и велит: „ Учинихме закон и прочка". А прочка не бива така, токо ка што пишет стихирата на поклади вечер на стиховне, прва стихира глас 4: „Возсија благодат твоја, Господи, возсија просвештение душ наших. Се времја благопријатно, се времја покајанија. Отвержем дела темнаја и облечемсја во оружие света да достојно достигнем и празнуем воскресение Христа Спаса нашего, подејуштаго нам велију милост". Оваја стихира велит да врлимо и да исфрлимо темните работи, сиреч црните грехови, да се облечеме во всеоружие света, сиреч во добри работи, во харно чинење. Това ест оружие христианину, при това оружие ѓавол не може да приидет, ако приидет ќе се набодет и ќе плачет во веки.

Ете, христиани и браќа мои, како требет да се готовимо за векилиј ден, да се готовимо душевно, а не телесно, тако готовеќи се да се исповедамо на духовника, зере духовник има власт, изин от Христа Бога, малите нешто грехове што се чинат свакиј сахат, свакиј час, и сме ги забравиле у не ги паметуемо, да ти кажемо на духовника, и тија може да се простат со молитва што ќе ти гу чатит исповедникот - и на велиј ден можеш достојно да се причестиш, достојно да празнуеш, достојно да се веселиш,

ДОСТОЈНО И ДУХОВНО ДА СЕ РАДУЕШ...






# БОГОСЛУЖЕНИЈАТА ВО ВЕЛИКИОТ ПОСТ

Периодот на Велигденскиот пост е период на покајание и поправање, и тоа во согласност со светите Христови заповеди, па затоа и богослуженијата добиваат покајни особености – а не торжествени, какви што се во другиот период од годината, особено за време на празниците. За да биде постот плодотворен, односно за да помога во преобразбата на страстите, потребно е да ја разбираме суштината на великопосните богослуженија и да учествуваме во нив.

ВО ТЕКОТ НА ВЕЛИКИОТ ПОСТ ДУРИ И СВЕШТЕНИЧКИТЕ ОДЕЖДИ СЕ СО ТЕМНА БОЈА, А ПОСТОИ И ПРАКТИКА СВЕТАТА ТРПЕЗА ДА СЕ ПОКРИВА СО ПОКРИВАЧ, ИЗРАБОТЕН ВО ТЕМНА БОЈА, ЗА ПРЕКУ ОВАА СИМВОЛИКА ДА СЕ ИСКАЖЕ ДЛАБОКОТО ПОКАЈАНИЕ ВО КОЕ СЕ НАОЃААТ ЧЛЕНОВИТЕ НА ЦРКВАТА ВО ОВОЈ ПЕРИОД.

Великопосните богослуженија се карактеризираат со мали и со големи поклони (метании), со покајни стихири на утринските и вечерните богослужби, во кои се изразува нашето жалење за гревот, со интензивирано читање на Псалтирот и на делови од Светото писмо на Стариот завет, со читање на Покајниот канон на светиот Андреј Критски, со сеноќни бденија, и со богослужението за кое многумина со право велат дека е центар на великопосните богослужби, а тоа е Литургијата на претходноосветените дарови. Наместо да се користи камбана, во седмичните денови на Великиот пост се користи дрвено клепало.
Во текот на Великиот пост дури и свештеничките одежди се со темна боја, а постои и практика Светата трпеза да се покрива со покривач, изработен во темна боја, за преку оваа символика да се искаже длабокото покајание во кое се наоѓаат членовите на Црквата во овој период. За време на богослужбите повеќе се користи читањето отколку пеењето. Богослуженијата главно се извршуваат од една посебна книга која се вика Посен триод. Посниот триод започнува да се користи уште во подготвителните недели за Велигденскиот пост –

поконкретно од Неделата на митарот и фарисејот, а неговата употреба завршува со повечерието на Велика сабота. Тој е прекрасен збир на црковно - богослужбени песни и химни, со длабока поетска и покајна содржина. Се нарекува Триод затоа што за утринската и другите богослужби каде што е предвидено да се пее канон, кој вообичаено содржи девет песни, во Триодот содржи три, за и на тој начин да се потенцира покајанието. Бидејќи овие канони ги нарекуваме трипеснец, книгата што ги содржи ја именуваме Триод. Потполна (стандардна) Литургија се служи единствено во сабота и недела, со тоа што во саботите се служи Литургијата на свети Јован Златоуст, а во недела Литургијата на свети Василиј Велики, која содржи подолги молитви. Во сите останати денови се служи единствено Литургијата на претходноосветените дарови на светиот Григориј Велики (Двоеслов).



Литургијата на свети Василиј Велики се служи и на Велики четврток и на Велика сабота. Литургија на претходноосветените дарови, според потребите, може да се служи и почесто, во периодот од понеделник до петок во целиот пост, со исклучок на првите два дена од постот и на Велики петок, кога не се служи никаква Литургија. Наместо Мало повечерие, се служи Големо повечерие, а малото се служи само во петок, сабота и недела. Секоја недела од Великиот пост е посветена на некој спомен, па така првата недела е посветена на победата на православието над сите ереси, втората недела е посветена на светиот Григориј Палама, третата на Чесниот крст, четвртата на свети Јован Лествичник, петтата на света Марија Египетска и последната, шестата, на влегувањето на Господ Исус Христос во Ерусалим (познато и како Цветници). Во петтата седмица од постот, ноќта во средата кон четвртокот, се служи бдение кое е составено од Утринска богослужба, со читање на целиот Канон на свети Андреј Критски. Во петокот кон саботата, исто така во петтата недела, е предвидено да се служи бдение составено од Утринска богослужба, на која се чита целиот Акатист на Пресвета Богородица и Литургија на свети Јован Златоуст. Во парохиската богослужбена практика е предвидено секој петок на Малото повечерие да се читаат по две статии од Акатистот на Пресвета Богородица, за во петокот од петтата седмица да се прочита целиот акатист.



# ЗА ЛИТУРГИЈАТА НА ПРЕТХОДНООСВЕТЕНИТЕ ДАРОВИ

Во центарот на сите великопосни богослуженија е Литургијата на претходноосветените дарови. Оваа Литургија ја нема потполната форма на Литургиите на свети Јован Златоуст и свети Василиј Велики. На неа нема принесување и благословување на дарови, не се врши осветување, туку само причестување со веќе осветените дарови на претходната неделна Литургија. Доколку поконкретно сакаме да ја објасниме оваа Литургија, би рекле дека таа е вечерна богослужба со продолжен чин на причестување. Овој чин настанал поради потребата на христијаните да се причестуваат почесто, што не било возможно поради деновите на покајание и строг пост, но и поради 49-то правило на Лаодикискиот собор кое ги забранувало Литургиите во тие денови.

Се претпоставува дека Литургијата на претходноосветените дарови започнала да се служи многу рано, уште во првите векови на христијанството. Подоцна, истата како засебен чин ја запишал и уредил светиот Григориј Велики, папа Римски, во шестиот век. Самото име го добила поради тоа што даровите со коишто се причестуваат верните, се осветени претходно, на неделната Литургија. Претходноосветената Литургија би требало да започне во три часот попладне. Тоа е така уредено, затоа што строгиот пост подразбирал нејадење до зајдисонце, а потоа јадење на сува храна. Затоа причестувањето во овие денови се врши на вечерната богослужба. Сепак, од практични причини, во повеќе парохиски цркви оваа Литургија се служи наутро, заедно со Утрената и Часовите. Како служба на претходно осветени дарови, може да се служи според потребите: и наутро, како што се практикува, но и попладне и на средината на денот, со што би се овозможило повеќе луѓе да се причестат. Сепак, доколку се служи попладне, тогаш потребно е потполно воздржување од храна и пиење до времето на служење. Великопосните богослуженија му даваат смила и полнота на телесниот пост. Нивната покајна содржина и устројството му помагаат на човекот да го засили покајанието и љубовта, и да се поучи во тајните на аскезата. Постот и молитвата се двата основни столба на духовниот живот. Не можеме да зборуваме за православно христијанство, ако од него ги исклучиме постот и молитвата. Телесниот пост не е доволен без молитвата. Но и телесниот пост, молитвата и подвизите се незамисливи без учество во светотаинскиот богослужбен и литургиски живот на Црквата. Секој наш подвиг во љубовта, постот и личната молитва, треба да најде своја полнота во соборната молитва на Црквата, која се случува на богослуженијата и, особено, во причестувањето со телото и крвта Христови.

напишал: свештеник Александар Стојаноски



## КОЛКУ ЧЕСТО ТРЕБА ДА СЕ ПРИЧЕСТУВАМЕ?

Во првите векови на христијанството, верниците често се причестувале со светите Христови таинства, со чесните тело и крв Господови. Многумина тоа го правеле дури и секој ден. Традицијата на често причестување се чувала и во следниот период. Многу свети отци повикуваат да се причестуваме, во согласност со нашите можности, што почесто.

Во Русија, во 18. век, за жал, (не само во Русија, но и кај нас и кај сите словенски народи - заб. прев.) се востановила практиката на т.н. ретко причестување. Имало многу луѓе кои се причестувале еднаш во годината. Се сметало дека е доволно да се пристапува кон светата Причест во секој од четирите повеќедневни пости (Велигденскиот, Божиќниот, Апостолскиот и Богородичниот) и на именденот, а ретко имало некој што се причестува на големите празници.

Се појавило дури и бесмисленото (крајно нелогично) мислење за штетноста од честото причестување. Оние кои се причестувале често, биле осомничени за ерес и за секташтво. Светиот и праведен Јован Кронштадски пишува „Некои личности зборуваат дека е грев ако мирјаните се причестуваат често и дека младите требало само еднаш во годината да пристапуваат кон светата Причест, а старите само за време на големите постови, и дека оние што често се причестуваат, постануваат луди. Каков апсурд! Какво богохулење и сквернавење на верата! Какво неразбирање! А заради што тогаш одекнува секојдневно гласот на Спасителот, кој повикува на света Причест? Зар за тоа целата година да пребиваме во гревови, а само еднаш да се очистиме со покајание и Причест. Зар не грешиме, не се изопачуваме морално и не се сквернавиме со гревови секој ден? Зар нам не ни треба секојдневно очистување, осветување и обновување? Може ли гревовите, кој секојдневно се таложат, да се очистат само еднаш во годината? Зар вие не се миете и не се бањате редовно? Зар не треба душата, која постојано е изложена на сквернавење од гревовите, секојдневно да ја миеме? Неумесните и бесмислени луѓе, тие кои мислат и тие кои зборуваат безумно, незнајници се кои не ја разбираат потребата на човековата душа? Нермилосрдни се! Таквите Христа не Го познале!"

Не е доволно душата да се чисти еднаш, или четири пати годишно. Да речеме, ако се

обидеме нашиот дом да не го чистиме цела година, работите да не ги враќаме на свое место, да не го чистиме правот, да не го бришеме подот и да не го изнесуваме ѓубрето, тогаш во што би се претворило местото на нашето домување? Во таа смисла, апсурдно е да не се држи редот и чистотата во домот на својата душа? Исто така, светиот Јован Кронштадски ги предупредува и тие што се причестуваат често, тоа да не им прејде во навика, во смисла на формалност, и да не дојде до ладење и немарност во духовниот живот. На своите духовни чеда, кои се причестувале секојдневно со светите Тајни, а не напредувале духовно, им велел: „Вие, кои себеси се нарекувате мои духовни чеда и кои неколку години секојдневно се причестувате со светите тајни Христови, не се научивте на послушание, на незлобивост и долготрпелива љубов, и се предавате на озлобеност и непокорност."

ЗАР ВИЕ НЕ СЕ МИЕТЕ И НЕ СЕ БАЊАТЕ РЕДОВНО? ЗАР НЕ ТРЕБА ДУШАТА, КОЈА ПОСТОЈАНО Е ИЗЛОЖЕНА НА СКВЕРНАВЕЊЕ ОД ГРЕВОВИТЕ, СЕКОЈДНЕВНО ДА ЈА МИЕМЕ?

Честото причестување мора да биде усогласено со духовникот, и ако тој забележи дека во тој процес човекот го губи стравопочитувањето кон Светињата, тогаш може да му даде послушание поретко да пристапува кон светиот путир. „Јас причестувам секоја недела и почесто, но самото тоа во нив (се мисли на духовните деца на свети Јован Кронштадски) предизвикува завист на едни кон други, и поради тоа понекогаш не им дозволувам."
На секој човек, согласно неговиот духовен развој, треба да му биде одредена соодветна мера за причестувањето од страна на неговиот духовник. Некој треба да се причестува секоја недела, додека друг не треба толку често, но секој православен христијанин мора да се труди да не се причестува поретко од еднаш месечно.

## КАКО ТРЕБА ДА СЕ ПРИСТАПУВА КОН СВЕТАТА ЧАША?

Пред почетокот на причестувањето, кога ѓаконот, или свештеникот, ќе излезе од олтарот со светата чаша и ќе повика „Со страв Божји, вера и љубов пристапете", сите треба да се прекрстат и да направат поклон, па прекрстувајќи ги рацете на градите, со големо смирение и покајание да пристапуваат кон свештеникот, без да го нарушуваат редот и мирот во храмот и да се туркаат да застанат понапред во редот.
Кон чашата се пристапува во ред, прво приоѓаат бебињата, децата и болните луѓе, а потоа мажите, па жените. Кога ќе пристапиме кон светата чаша, треба јасно да го кажеме своето крстено име и широко да ја отвориме устата. По земањето на светата причест, се целива долниот дел од светата чаша (ова е руска практика и кај нас не се допушта поради опасноста да не се турне путирот - заб.прев) која го симболизира реброто на Спасителот, од коешто потече крв и вода. Откако ќе се причести, верникот застанува на одредено место во храмот и продолжува да се моли до крајот на светата Литургија, за да Му се заблагодари на Бога што го удостоил за примање на Неговото пречисто Тело и чесната Крв. Постои погрешно мислење дека по причестувањето не треба да се целива раката на свештеникот, крстот или иконите. Тоа е неточно. Причесникот може да го целива крстот, да земе благослов од свештеникот, да ги целива иконите, зашто во тоа нема грев. По правило, по Литургијата се читаат молитвите по света Причест, што може да се направи или во храмот или во домот. Тие молитви се поместени речиси во секој православен молитвеник.
Во денот кога се причестуваме, не се прават метании (земни поклони), освен пред плаштаницата на Спасителот на Велика сабота и на коленопреклоните молитви на Духовден. По причестувањето, потребно е внимателно да постапуваме и да се однесуваме, да се чуваме од празни разговори, да пребиваме во молитва и читање на духовни книги, да правиме добри дела.

Преведено од книгата „Света тајна Причешќа" од свештеник Павел Гумеров.



## Мисли од светите отци за честото причестување:



Свети Василиј Велики – „Добро е и корисно да се причестуваме секојдневно со телото и крвта Христови. Ние се причестуваме четири пати во седмицата (мисли на Кесариската помесна црква, каде што бил архијереј) недела, среда, петок и сабота, а исто и во другите денови ако е спомен на некој од светиите".



Свети Кипријан Картагински, толкувајќи ја Господовата молитва, вели: „Ние кои сме во Христа, светата Причест ја примаме секојдневно, како храна."



Свети Теодор Студит препорачува секојдневно причестување и ги прекорува христијаните што во негово време (деветти век) се причестувале еднаш неделно.



Свети Јован Златоуст – „Кого да пофалиме: тие што се причестуваат ретко или тие што се причестуваат често. Ни едните ни другите. Туку оние кои се причестуваат со чиста совест, со чисто срце, со беспрекорен живот. Таквите нека пристапуваат секогаш. Кои не се такви, нека не пристапуваат никогаш."



Свети Игнатиј Брјанчанинов ни порачува:
„Насушниот леб на христијаните е Христос. Непрестаното јадење на тој леб е спасоносната наслада на која се повикани сите христијани."



Тертулијан вели: „Така живеј, за да можеш да се причестуваш секојдневно."

# ВЕЛИКИОТ ПОСТ

## ЗОШТО ПОСТИМЕ И КОЈА Е СМИСЛАТА И ЦЕЛТА НА ПРАВОСЛАВНИОТ ПОСТ?

Суштински белези на духовниот живот и аскезата на православниот христијанин, несомнено се постот и молитвата. Со право отците на Црквата велат дека ако постот и молитвата ги одземеме од христијанството, тогаш тоа би се претворило во празна философија. Постот отсекогаш бил разбиран како воздржување од одреден вид храна, односно од храна што потекнува од животинско потекло (телесен пост) и воздржување од лоши мисли, зборови и дела и труд во стекнување на добродетели (духовен пост). Телесниот пост го помага духовниот пост, односно и духовниот и телесниот пост се едно, и едниот и другиот се потребни бидејќи човекот е единство на духовната и материјалната природа.

Сепак, вистински ќе се придржуваме кон постот само ако го разбереме како љубовно послушание. Постот потекнува уште од рајската градина, кога Човекољубивиот Бог им даде заповед на нашите прародители Адам и Ева дека може да јадат од секое дрво во рајската градина, освен од дрвото за познавање на доброто и злото, зашто кога ќе вкусат од него, ќе умрат. Таа заповед Бог им ја даде, зашто не сакаше од човекот да направи роб, туку слободно битие. Според тоа, ако Адам и Ева го љубеа Бога, својата љубов ќе ја покажеа пазејќи ја заповедта Божја. Но со прекршувањето на заповедта, односно постот, не ја употребија својата слободна волја за да го засакаат Бога пред сѐ друго. Како последица на нивниот слободен избор да не постат, благодатта Божја се одалечи од нив, а како последица на тоа дојде најнапред духовната смрт, а потоа и болестите и телесната смрт. Затоа нашата Црква го разбира постот како воздржување од некои видови храна, не затоа што таа храна ја сметаме за скверна, како што не беше скверно ни забранетото дрво во рајската градина, туку се воздржуваме од неа од послушност кон Црквата, која раководена од Светиот Дух, наложила во одредени периоди на годината да постиме. Значи, послушни сме од љубов, зашто го љубиме Бога, го слушаме и спасоносното учење на Неговата света Црква, предадено заради наше исцеление од страстите.

За значењето на постот како љубовно послушание, односно како лекарство против страстите, ни зборува целото предание и светите отци.
Свети Василиј Велики вели: „Постот ги претставува крилјата со кои душата се вознесува кон Бога".
Свети Јован Златоуст пишува: „Молитвите се извршуваат со големо внимание, особено за време на постот, зашто тогаш на душата ѝ е полесно, не се оптоварува со ништо и не се предава на бремето на задоволствата". За таква покајна молитва, најблагодатно време е Великиот пост.

„Ако се воздржуваме од страстите за време на постот, толку колку што имаме сили, ние ќе имаме корисен телесен пост" - поучува преподобниот Јован Касијан.
„Оптоварувањето на телото, соединето со скрушен дух, ќе биде пријатна жртва на Бога и достојна обител на светоста. Навистина, може ли да се нарече пост само исполнувањето на правилото за нејадење храна од животинско потекло во посни денови?" - поставува реторско прашање свети Игнатиј Брјанчанинов.

Имајќи го предвид значењето на постот во исцелението на страстите, светата Црква Божја одредила пред сите големи празници да се подготвуваме со пост. Во православната Црква се одредени четири големи пости: Велигденскиот, Божикниот, Апостолскиот и Богородичниот, како и еднодневни на Водокрст, на Отсекување на главата на свети Јован Крстител, на Крстовден и секоја среда и петок, освен кога се т.н. редовни седмици.

## ОСОБЕНОСТИ НА ВЕЛИГДЕНСКИОТ ПОСТ

Најголем и најдревен е постот што претходи на празникот Воскресение Христово (Велигден). Трае четириесет денови, на кои се додава и постот во Страдалната седмица, со што Велигденскиот пост трае четириесет и осум денови.
Овој пост уште се нарекува Света четириесетница или Чесен пост. Започнува од понеделникот по Сиропусната недела (Прочка) и трае сѐ до Велигден. Овој пост се нарекува Велики, не само поради тоа што навистина е најдолг од сите постови, туку пред сѐ поради неговото богословско значење, кое се состои во подготовката за најрадосниот и најголемиот празник – победата над смртта. Ние преку постот на еден начин се сораспнуваме со Христа, распнувајќи ги сопствените страсти, за да можеме да учествуваме во радоста на Неговото воскресение. Пред почетокот на постот постојат четири подготвителни недели, а тоа се:

НЕДЕЛА НА МИТАРОТ И ФАРИСЕЈОТ – со оваа недела, всушност, започнува подготовката за Великиот пост. Преку читањето на литургиското евангелие се покажува смирението на митарот, за разлика од гордоста на фарисејот. Смирението е доблодетел за чие стекнување треба да се потрудиме во текот на постот. Поради гордоста на фарисејот, кој се фалел со тоа дека пости, Црквата го укинала постот што следува во средата и петокот кои доаѓаат веднаш по неделата на митарот и фарисејот.

НЕДЕЛА НА БЛУДНИОТ СИН – преку читањето на Евангелието за блудниот син, Црквата ги потсетува своите верни дека кој колку и да згрешил, преку покајанието може да се исцели. Една од врвните доблодетели во постот, освен смирението, треба да ни биде и покајанието.

МЕСОПУСНА НЕДЕЛА – во оваа недела Црквата потсетува на судот Божји, пред кој треба да излезе секоја човечка душа по упокојувањето, и на Страшниот сеопшт суд Христов, кој ќе се случи со второто Христово пришествие. Затоа саботата пред оваа недела е одредена како ден за спомнување на душите на покојните (Задушница). Сето тоа се поврзува со постот, преку кој треба да се подготвиме за средба со Бога, но и со повикот за покајание, бидејќи времето на нашиот живот овде е кратко. Од оваа недела, од исхраната педагошки се отстранува месото, за да може човекот постепено да се подготви за престојниот посен подвиг.

СИРОПУСНА НЕДЕЛА (ПРОЧКА) – во оваа недела, ден пред почетокот на постот, Црквата ги потсетува своите членови да се измират со своите ближни, зашто ако е нарушен односот со ближниот, постот нема да ни користи. Веќе од следниот ден започнува постот.

## ПРАВИЛОТО НА ВЕЛИГДЕНСКИОТ ПОСТ

Правилото според кое се пости за Велигден е строго. Во првите векови на христијанството, под строг пост се подразбирало нејадењето до деветтиот час од денот, што според денешното сметање на времето одговара на три часот попладне. По три часот се јадела сува храна, неготвено јадење од растително потекло. Токму затоа Литургијата на претходноосветените дарови е поврзана со Вечерната богослужба.
Во денешната практика, сеопштото правило за овој пост е следното: од понеделник до петок се пости со растителна храна, подготвена без употреба на масло и без употреба на вино, а секоја сабота, недела и за време на празниците, кога на Утрената се пеат Полиелејните псалми и Големото славословие, се употребува масло и вино. Исклучок од саботите е Велика сабота, кога се пости без масло. Риба се јаде единствено на Благовештение и Цветници.
Сепак, правилото на постот не треба никого да го загрижува и да го обесхрабрува да пости. Во одредени случаи и кон одредени луѓе, поради оправдани причини, Црквата

снисходи. Секој човек е посебна и неповторлива личност, со специфични околности на живот, па затоа општото правило на постот не може да важи за сите. Тие што воопшто не постеле, треба да се обратат кон свештеник (духовник), кој во зависност од околностите и состојбата, како на пример работните обврски или здравјето, ќе го ублажи, за да можат постепено да се навикнуваат. Покрај за болните луѓе, постот се ублажува и за бремените жени, за децата во развој, за старите и изнемоштени луѓе, за оние кои работат екстремно тешка физичка работа итн. Но секогаш се тргнува од правилото кое од светите отци им е наложено на духовниците, дека никогаш Велигденскиот пост не треба да се ублажи на месо. Од постење се ослободени единствено малите деца до седумгодишна возраст. Од сето ова треба да биде јасно дека кога ќе сакаме да започнеме со постење, потребно е да одиме и на исповед, каде што во зависност од нашата телесна и духовна состојба, духовникот ќе ни даде благослов како да постиме.



## ВЕЛИГДЕНСКИОТ ПОСТ И СОВРЕМЕНИТЕ РАЗМИСЛУВАЊА ЗА НЕГО

Евидентно е дека денес сè повеќе луѓе постат. Тоа, секако, значи дека сè повеќе луѓе сакаат да го осмислат животот во рамките на Црквата. Сè почесто на телевизија, на интернет и во други медиуми излегуваат посни рецепти и посни кувари. Само по себе тоа не е лошо, но некако заборавaме дека постот не се состои само во храната, зашто на тој начин се сведува на диета. Што е уште поважно, заборавaме дека и постот и сите останати подвизи ја наоѓаат својата смисла и полнота во Литургијата и причестувањето со светите Христови таинства. Многумина од луѓето кои постат, се причестуваат еднаш или двапати во текот на целиот пост, честопати неисповедани.

Круна на нашето црковно живеење е светата тајна Евхаристија (Причест). Таа го претставува духовното соединување на човекот со Бога, што единствено е можно само преку покајанието, смирението и послушанието кон Црквата, епископот и духовниот отец. Секако, од многу големо значење е постојаниот контакт со духовникот, од барањето духовни совети од него и исполнување на истите. Познанието на Бога е единствено остварливо преку покајанието, а тоа е и најголемиот услов за причестувањето.

Според тоа, доколку само телесно постиме и нашиот пост се сведе на издавање посни кувари и пронаоѓање рецепти за храна, тогаш таквиот пост се сведува на диета, а не на вистински и исцелителен подвиг. За да биде постот вистински, потребно е човекот да се исповеда пред духовник, да се покае за своите гревови, односно да се преуми, да биде подготвен на послушност и смирение и да се труди покрај соборната молитва во Црква, да исполнува и лично домашно молитвено правило. Покрај сето тоа, според силите и можностите на секоја личност, треба да учествуваме и на богослуженијата во Велигденскиот пост.

напишал: свештеник Александар Стојаноски




## СВЕТА ТАЈНА ПОКАЈАНИЕ (ИСПОВЕД)

Светата тајна Покајание е една од светите тајни на Црквата Божја. Преку неа луѓето се очистуваат од личните гревови кои ги сториле по крштението и за кои искрено и видливо се каат. Оваа света тајна ја востановил нашиот Спасител, Господ Исус Христос, Кој по Своето славно воскресение, кога им се јавил на Своите ученици (апостолите), им рекол: „Примете Дух Свет! На кои ќе им ги простите гревовите, ќе им се простат, а на кои ќе им ги задржите, ќе им се задржат" (Јован 22, 22- 23). Всушност, на овој начин Бог на Своите ученици им дал власт да ги простуваат и да ги разрешуваат гревовите на луѓето, членовите на Црквата Божја, секако, на оние луѓе кои станале длабоко свесни за состојбата до која се довеле поради своите гревови, кои, всушност, имаат цврста намера да се ослободат и недвосмислена решеност да се поправат и во иднина да го сменат начинот на своето живеење, исполнувајќи ги со љубов и во целост Божјите евангелски пораки. Власта да опростуваат и да разрешуваат гревови, Господ им ја навестил на апостолите и претходно, кога поучувајќи ги, им рекол: „Вистина ви велам: Сè што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на небото; и сè штом ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано и на небото (Матеј 18, 18).

### АДАМЕ КАДЕ СИ ?

Бог, Творецот на небото и на земјата и на сè видливо и невидливо, создавајќи ги првите луѓе на земјата, нашите прародители Адам и Ева, не ги ограничил, туку ги обдарил со дарот на слободната волја. Тие во рајската градина имале можност да ги почувствуваат плодовите на безграничното човекољубие Божјо. Но, сепак, според слободата што им била дарувана, скршнале од вистинскиот пат и со своето паѓање во непослушание, самите се предале на мртвилото на гревот и смртта како последица на истиот. Но Бог, како милостив Создател, не ги оставил првите луѓе без можност за покајание. Обраќајќи му се на Адам со зборовите: „Адаме каде си?" (1. Мој. 3, 9), му ги отворил ширум вратите на покајанието и можноста повторно да се врати во прегратките на својот Отец. Но, за жал, Адам како опција го избрал себеоправдувањето и обвинувањето на друг, но не и покајанието. Но милостивиот Бог, иако ги истерал првите луѓе од Рајот, сепак, не ги оставил без надеж ниту нив, ниту пак човештвото, давајќи го Своето прво ветување, благата вест за спасението преку Месијата, Кој ќе ги победи гревот и смртта: „И ставам непријателство меѓу тебе и жената, меѓу родот твој и породот нејзин. Он ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш по петата" (1. Мој. 3, 15). Значи породот на жената - Месијата, ќе го победи родот на нечестивиот. Со својата разорна моќ и со сета своја деструктивност, гревот станал составен дел од

природата на луѓето. На таа лоша склоност не останал имун ниту Адамовиот прв син, братоубиецот Каин. Иако бил предупреден од Бога, Кој ги знае тајните и намерите на човековото срце, сепак, смртно се огрешил, па и тој, како Адам, не нашол сили за соодветно покајание, туку ја одбрал дрскоста и на Божјото прашање: „Каде е братот твој, Авел?", тој одговорил: „Не знам; зар сум јас чувар на братот мој?" (1. Мој. 4, 9). За жал, склоноста кон гревот продолжила, како особина на паднатата човечка природа и како темна нишка се провлекува и до денес.



## ПРИМЕРИ НА ИСКРЕНО ПОКАЈАНИЕ ВО СВЕТОТО ЕВАНГЕЛИЕ

Покајанието пред сè значи преумување, менување на своите досегашни ставови и досегашниот начин на живот, значи менување на принципите и начелата на досегашното наше себевладеење, значи вртење на нашето изморено лице и нашиот поглед кон лицето Божјо, со цел да ја прифатиме Неговата човекољубива насмевка. Токму тоа е и суштината и целта на Христовото доаѓање во светот и на Неговата евангелска проповед, која ни ја открива радоста за спасението од гревот, смртта и ѓаволот. Евангелието започнува со повикот за покајание. Светиот Јован, претечата и крстител Господов, во своето обраќање кон луѓето, кога крштеваше со покајно крштевање на реката Јордан, велеше: „Покајте се, зашто се приближи Царството небесно!" (Матеј 3, 2). Потенцирајќи го и задржувајќи го значењето на покајанието, и Господ Исус Христос ја започна Својата евангелско - спасителна мисија со зборовите: „Покајте се, зашто се приближи Царството небесно!" (Матеј 4, 17). На светата Педесетница, по слегувањето на Светиот Дух врз апостолите, апостолот Петар прв му се обрати со проповед на насобраниот народ велејќи: „Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исуса Христа за простување на гревовите; и ќе примите дар од Светиот Дух (Дела 2, 38). Во светото Евангелие, исто така, имаме примери на искрено и силно покајание. Достоен за почит е напорот на Закхеј, началникот на митниците, но и воодушевува начинот на неговото покајание (Лука 19, 1 - 10). Бог ни советува да се каеме и на оние кои го прават тоа им го ветил своето блаженство: „Блажени се бедните по дух, зашто нивно е Царството небесно! Блажени се оние што плачат, оти ќе се утешат!" (Матеј 5, 3-4). Значи, Бог го ветил Своето блаженство на оние кои скрушено се каат, на бедните по дух и на оние кои со покајнички солзи пред семејната икона и запаленото кандило ги дочекуваат првите зраци на денот и го испраќаат сонцето во неговиот прекрасен залез.

## ПОДГОТОВКА ЗА ПОКАЈАНИЕ И ИСПОВЕД

Во посланието упатено до Ефесјаните, светиот апостол Павле порачува: „Стани ти што спиеш, воскресни од мртвите, и Христос ќе те осветли!" ( Ефес. 5, 14). Навистина, човекот знае да „задреме" и да се изгуби во својата гревовност. Иако секојдневно во себе го чувствува силниот притисок на гревовното измачување и гризењето на совеста, чувствува дека душата постојано му се измачува обременета од мноштвото гревови, сепак, не се обидува да се покае, пристапувајќи на исповед. Сепак, будењето и појавувањето на покајничката желба не се невозможни, туку се честа појава. Нашето покајание може да биде иницирано од внатрешни побуди, поради неможноста повеќе да останеме во мачната состојба во која се наоѓаме. Но тоа може да биде иницирано и поради осудата или неприфаќањето и неоправдувањето на нашиот начин на живот од средината и луѓето кои не опкружуваат. Но, и покрај сѐ, треба да му се даде значење на првиот чекор – на моментот кога доаѓаме до сознание дека треба да ставиме точка на нашиот начин на живеење според лажните норми на острастената човечка природа и да речеме: „Доста е веќе! Не сакам повеќе да го растажувам Бога, мојот ангел чувар и моите најмили. Решив и ќе го признаам сиот свој срам и ќе ги разобличам и ќе ги осудам сите мои богопротивни постапки, сите мои хули на Бога. Ќе појдам и ќе побарам помош од Црквата Божја и ќе се исповедам пред лицето Божјо, признавајќи ги и каејќи се за сите гревови пред нашиот свештеник". И навистина, тогаш ќе се случи тој свет триумф на доброто над злото. Во Евангелието според Матеј, Бог ни порачува: „Дојдете при мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам" (Матеј 11, 28). Но нашето покајание може да биде иницирано и од Бога (Дела 9, 1 - 9; Житие на преподобна Марија Египетска, 1 април ст. Ст.). Прекрасен пример за тоа дека човекот со својот животен пат може да ја промаши смислата на постоењето, одејќи по беспаќе без Бога, може да ни биде и евангелската приказна за блудниот син (Лука 15, 11- 32). Но, сепак, Христос е Бог на оние кои се каат и Спасител на оние кои грешат (Дела 4, 12). Најзначајно од сѐ на светот е спасението на човечките души, од коешто човекољубивиот Бог не се откажува. Добриот Пастир ќе ги остави на сигурно место, во Црквата Божја, Своите деведесет и девет овци и ќе појде да ја побара загубената. Човековото срце, колку и да е закоравено од гревовниот мов, сепак, до него може да дојде човекољубивиот Бог, да тропне на неговите порти, како што е речено: „Ете, стојам пред вратата и чукам. Ако некој го чуе гласот Мој и ја отвори вратата, ќе влезам при него и ќе вечерам со него, и тој со Мене" (Откр. 3, 20 стих).

## ИСПОВЕД

Исповедта е крајниот чин на покајанието, односно претставува индивидуален акт на признавање на нашата грешност, кога, всушност, ние самите ќе решиме да пристапиме кон оваа света тајна, која задолжително ја извршува свештеникот. Тогаш, во негово присуство, како наш сведок, ги исповедаме своите лични гревови. Покајанието и исповедта претставуваат објавување војна на нашите гревовни навики и борба со самиот себе, односно со желбите на нашата падната човечка природа. Значи, оваа света тајна, исповедта, е личносна и се извршува лице во лице со нашиот духовник. Таквиот чин во себе содржи и длабока интимност, односно е откривање на најголемите тајни од нашата животна историја. Но во тие моменти на духовна убеденост, која произлегува од нашата сопствена решителност за поправање, осветлени со Божјата светлина, ги разоткриваме и ги изнесуваме пред исповедникот сите наши грешни постапки, мисли и чувства. Заради тоа, меѓу другото, сигурно дека се срамиме, црвенееме и се препотуваме, не можејќи да ја подигнеме нашата глава и да го кренеме нашиот поглед. Но ако! Сега е времето за покајание, затоа што не знаеме кога може да настапи нашата смрт и да не затекне непокајани.
Секако, многу често кај верниците се појавува дилемата нашата исповед да не стане предмет на понатамошно пренесување, односно свештеникот пред кој ги признаваме своите „тајни", да не ги прекаже некому и некаде. И второ, често се појавуваат

помислите дека свештеникот на нас ќе гледа со презир и омаловажување поради тоа што ќе го кажеме. И во едниот и во другиот случај, свештеникот настапува од аспект на позивот на кој самиот се одлучил. Прекршувајќи ја тајната на исповедта, тој се лишува од чинот и благодатта на свештенството, а Преданието на Црквата говори и дека гревовите што ги прекажал, му се препишуваат нему. Од друга страна, пак, свештеникот е отец, поставен да биде духовен татко на сите негови верници, и подобно на таткото од парболата за блудниот син, секогаш да го чека со радост покајанието на своето чедо, без разлика што тоа направило. Исто така, доколку свештеникот смета дека е потребно, како мерка за поправање на покајникот, може да наложи соодветна епитимија.

Кога пристапуваме на исповед, тоа треба да го направиме со предходна подготовка, со претходно анализирање на целиот наш живот уште од најраното детство, или во друг случај, доколку и претходно сме се исповедале, од нашата последна исповед. Препорачливо е гревовите да се запишуваат на хартија, со цел да не заборавиме. Нашата подготовка за исповед, треба да е проследена со исполнување на молитвено правило, со читање на Светото писмо и житијата на светителите Божји и, доколку во тој период е пропишан пост, тоа треба да се почитува.

## ДА ПОИТАМЕ КОН ПОКАЈАНИЕ И ИСПОВЕД



Многумина се залажуваат себеси и прават лошо, одложувајќи ја својата исповед. Или, пак, доколку им е поматена совеста, поради некој сторен грев, велат: „Ќе однесам дар во црква и готово, Бог ќе ми прости". Кон ова прашање во животот, треба да се пристапува многу сериозно. Во ред е да се однесе во црква дар, но срцето понизно и смирено, Бог не го отфрлува (Пс. 50, 17). На Бога и на ангелите Божји, најмило им е нашето покајание и соединувањето со Него преку светата Причест. Ризикуваат и оние кои си велат дека има време, и дека ќе се покаат и ќе се исповедаат пред крајот на животот. Тајната за тоа колку ќе живееме е во Божји раце. Само на оние чијшто живот бил свет, Бог дозволувал тоа да им биде откриено.

## БОЖЈАТА МИЛОСТ Е НЕИЗМЕРНА

Човекот никогаш не треба да се сомнева во неизмерната милост Божја, ниту, пак, да дозволи да го надвладеат црни мисли, тонејќи во депресивна бездна. Кај некого може да се случи, исповеданите гревови повторно да му ја притискаат совеста, и тоа секако треба да му го каже на својот духовник, кој ќе му даде соодветен совет. И светиот апостол Петар, целиот свој живот плачел и се каел затоа што се одрекол од Христа, но никогаш не изгубил надеж во Божјата милост. Неговите покајнички дела, па и начинот на кој го завршил овоземниот живот, распнат на крст со главата надолу, говори за тоа колку Го љубел Бога. Така и ние да принесеме плодови на искрено покајание, кои ќе бидат резултат на нашето богољубие и човекољубие. Односно, во текот на нашиот понатамошен живот, да направиме неспоредливо повеќе добри дела, поттикнати од нашите неброени молитви и потоците од покајнички солзи.

## ПЛОДОВИ КОИ СЕ РАЃААТ ОД ИСКРЕНАТА ИСПОВЕД И ДОБРОДЕТЕЛИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НЕА



Преку исповедта се измируваме со Бога и неговата света Црква. Ризата во која била облечена нашата душа при светото Крштение, повторно блеснува со сиот свој сјај. Спокојството и пријатните чувства го топлат нашето срце, кое сега е чисто и достојно за Христовото блаженство дека: „Чистите по срце ќе го видат Бога". Тогаш подготвени пристапуваме на Света причест и со смирена совест застануваме на молитва. Луѓето кои не опкружуваат, од ден на ден ни стануваат сѐ помили и помили. Подготвени сме за секое добро дело. Навистина, човекот кој искрено се покајал, ја заслужува нашата почит. Но, сепак, поттикнати од нашето човекољубие, не треба да ги осудуваме оние кои се колебливи на тој пат, туку со љубов да ги советуваме, да ја прифатат прегратката на милостивиот Господ Исус Христос. Како Христови чеда, треба да жалиме и за туѓите гревови. Никогаш да не си дозволиме да се потсмеваме на туѓите гревови, туку да му се молиме на Бога за нивно обраќање кон вистините на нашата вера. И навистина, сите цветни растенија не се будат и не расцутуваат во ист период. Кога би замислиле една арена, и во неа нашиот грешен брат како е влечен и растргнуван од духовниот лав (ѓаволот), на што би наликувале ние, доколку сме на трибините и ликуваме, потсмевајќо се на тој кутар брат, за чија што несреќа се радуваат оние кои го вовеле во гревовната бездна и го фрлиле во оваа духовна арена за потсмев и пропаѓање. Како Христови чеда, должни сме да се молиме за сиот грешен свет.

напишал: свештеник Жарко Мицкоски

# ВЕЛИКИОТ ПОСТ - ПАТ КОН ВОСКРЕСЕНИЕТО

Кога човек се подготвува да појде на пат, тој треба да ја знае целта на своето патување. Истото се однесува и на Великиот пост. Постот е пред сѐ духовно патување, а негова крајна цел е Воскресението - „Празникот над празниците". Тој е подготовка за „исполнување на Пасхата, како вистинито откровение". Затоа, најнапред, мораме да ја разбереме врската помеѓу Великиот пост и Пасхата, оти таа врска ни открива нешто многу суштествено, нешто што е исклучително важно за целата наша христијанска вера и живот. Дали е неопходно да се објасни дека Воскресението е нешто многу повеќе од само еден од празниците, нешто многу повеќе отколку одбележување и почитување на еден настан од минатото? Секој кој барем еднаш во животот учествувал во онаа ноќ, која е „посветла од ден" и кој ја почувствувал таа единствена радост, го знае тоа. А во што се состои таа радост? Зошто на Пасхалната Литургија пееме: „Сега сѐ е исполнето со светлост, небото и земјата и подземјето?" Во која смисла „го прославуваме умртвувањето на смртта, разорувањето на Адот, почетокот на идниот - вечниот живот...? Сите тие прашања имаат еден одговор: новиот живот, кој засветли од гробот пред речиси две илјади години, им е даден на сите кои веруваат во Христа. Тој живот ни се дава во денот на нашето Крштение, како што вели апостол Павле: „Се сопогребавме со Христа, за, како што Христос воскресна од мртвите, и ние на истиот начин да живееме со нов живот" (Рим. 6, 4). Така, на Пасха го прославуваме Христовото Воскресение како нешто што се случило и што продолжува да ни се случува, зашто секој од нас го примил тој дар на новиот живот и примил сила за да може да го прифати дарот и да живее според него. Тој дар коренито го менува нашиот однос кон сѐ во овој свет, вклучително и кон смртта. Тој ни дава можност радосно да тврдиме: „Нема веќе смрт!"

Но, се разбира, смртта сѐ уште е тука, соочени сме со неа и еден ден ќе дојде и ќе нѐ однесе. Меѓутоа, веруваме во тоа дека со Својата смрт Христос ја променил самата суштина на смртта, ја претвори во премин - Пасха во Царството Божјо, преобратувајќи ја трагедијата над трагедиите во конечна победа „поразувајќи ја смртта со смрт." Тој направи и ние да бидеме учесници во Неговото Воскресение и затоа, на крајот на Велигденската утрена велиме: „Христос воскресе и животот дарува! Христос воскресе и мртви веќе нема!"

Ова е верата на Црквата, потврдена и докажана од многуте светии. Но, сепак, зар не гледаме од својот секојдневен опит дека таа вера во суштина ја поседуваме многу ретко, дека постојано го губиме и го изневеруваме „новиот живот" што го примивме како дар и дека, всушност, живееме како Христос воопшто да не воскресна од мртвите, како тој, единствениот по своето значење настан, да нема никакво значење за нас? Сето тоа е поради нашата слабост, поради неможноста постојано да живееме „со вера, надеж и љубов", на она ниво на кое Христос нѐ издигна кога рече: „Барајте го пред сѐ Царството Божјо и неговата правда" (Матеј 6, 33). Ние сме толку зафатени, толку сме обземени од своето секојдневие, што сето ова го заборавме, а бидејќи заборавме - ние грешиме. И преку оваа заборавеност, преку паѓањето и гревот, нашиот живот повторно станува „стар", малечок, темен, лишен од секаква смисла, станува бесмислено патешествие кон бесмислена цел. Успеваме да заборавиме дури и на смртта, и тогаш, одеднаш, среде нашето уживање во животот, таа неочекувано ни доаѓа: ужасна, неизбежна, бесмислена.

Понекогаш ги сознаваме нашите различни „гревови" и се каеме за нив, но не се предаваме на оној нов живот кој ни го открил и ни го дал Христос. Живееме како Христос никогаш да не дошол. И токму тоа е единствениот вистински грев, најголемата трагедија и тага на нашето номинално христијанство. Доколку го сфатиме и признаеме тоа, тогаш ќе можеме да разбереме што е тоа (Пасха) Воскресение и зошто пред неа е неопходен Великиот пост. Само тогаш ќе можеме да сфатиме дека целокупната литургиска традиција на Црквата, целиот нејзин богослужбен циклус е тука, пред сѐ, за да ни помогне повторно да ја откриеме и да ја вкусиме визијата на тој нов живот, од кого толку лесно отстапуваме, издавајќи го, за повторно да се покаеме и да се вратиме во него. Но како можеме да го љубиме и да го сакаме она

извадок од книгата „Великиот пост" на отец Александар Шмеман

што не го знаеме? Како можеме над сè останато во нашиот живот да го ставаме она што не сме го виделе, радоста која не сме ја вкусиле? Накратко, како можеме да го бараме Царството за кое немаме никаков поим?
Уште од самиот почеток, црковното богослужење е нашиот единствен влез во Царството Божјо, наше приопштување кон новиот Живот. Црквата, преку својот богослужбен живот, ни го открива она што „окото не го видело, увото не го слушнало и што на човекот не му дошло во срцето – тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат" (1. Кор. 2, 9). Пасхата е самиот центар на богослужбениот живот, негово срце, врв, сонце кое со своите зраци проникнува насекаде. Секоја година дверите се откриваат во светлината на Христовото Царство, ни се дава предвкус на вечната радост, која нè очекува, на славата и победата кои веќе невидливо ја исполнуваат целата вселена: „Смртта веќе не постои". Сето црковно богослужење е изградено околу Пасхата: затоа годишниот литургиски циклус, распоредот на црковните празници и постови е патешествие, поклоничко патување кон Пасхата, кон крајот кој истовремено е и почеток, кон крајот на сè старо, почеток на новиот живот, постојан премин од „овој свет" во Царството, кое ни се објави во Христа.
Меѓутоа, не е лесно да се победи и промени стариот живот, животот во грев. Евангелието очекува и бара од човекот труд за којшто тој, во својата сегашна состојба, воопшто не е способен. Нè повикуваат во битка против невидливото, нè повикуваат кон цел, кон нов начин на живот, кој е далеку од нашите можности. Дури и апостолите, кога го слушале учењето на својот Наставник, во недоумие Го прашале: „Како е можно тоа?" Воопшто не е лесно човек да се откаже од ситниот идеал на животот, кој се состои од секојдневни грижи, од потрага по средства за безгрижно живеење, задоволства, и да го прифати идеалот во кој целта е совршенството: „Бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец небесен" (Матеј 5, 48). Светот, преку сите свои „посредници", ни вели: бидете среќни, живејте безгрижно, одете по широкиот пат. Христос, пак, во Евангелието ни вели: одете по тесниот пат, по патот на подвизи и страдања, затоа што тоа е единствениот пат кон вистинска среќа. Како можеме да се решиме на тој страшен избор без помошта на Црквата, како можеме да се покаеме и да се вратиме кон светлото и радосно ветување, кое Црквата ни го дава секоја година на Пасха? Ете зошто е потребен постот. Тој е рака за помош што ни е пружена од Црквата, тој е школа на покајание која единствено може да нè подготви да ја пресретнеме Пасхата, не само како можност да јадеме, пиеме и одмораме, туку како вистински крај на старото во нас, како настапување на новиот живот.
Во првите векови на христијанството, главната задача на Великиот пост било подготвувањето на „огласените", односно, новообратените христијани за Крштението кое се извршувало за време на Пасхалната Литургија. Дури и тогаш кога Црквата ретко крштевала возрасни и самата институција на „огласените" исчезнала, главното значење на Великиот пост останало исто. Зашто, иако сме крстени, ние постојано го губиме и го изневеруваме она што го примивме при Крштението. Ете, затоа Пасхата е секоегодишно враќање кон нашето лично Крштение, а Великиот пост е подготовка за тоа враќање, тој е долг и тежок напор за наш „премин" или „пасха" во нов живот во Христа. Тоа што богослужбите на Великиот пост до ден денес ја зачувале својата црта на поучување, односно катихуменскиот и баптисмалниот карактер, не е некаков „археолошки" остаток од минатото, туку нешто што е важно и суштествено за нас. Постот и воскресението секоја година претставуваат за нас ново откритие и пронаоѓање на она што ни е дадено при нашето сопствено умирање и воскресение во светото Крштение.
Патешествие, поклоничко патување! Само што ќе зачекориме во „радосната тага" на Великиот пост, ние го гледаме крајот на патот, ја гледаме целта која е далеку – а тоа е радоста на Воскресението, влегувањето во славата на Царството Божјо. Токму тоа што го гледаме оддалеку, тој предвкус на Воскресението, ја осветува „Великопосната тага", ја прави радосна, а нашиот подвиг го осмислува како „духовна пролет". Колку и да е долга и темна ноќта, сепак, во текот на целиот пост, на хоризонтот сјае таинствената и светлоносна зора. „Не лишувај нè од нашата надеж, Човекољупче!"

IC XC
NI KA

„На Евија рожба, на вселената радост,
на богословието таиник и на Христа искрен пријател,
Порфириј да го чествуваме верни, од младост со благодат исполнет,
измачувани се тешат, болни се лекуваат кој со вера повикуваат
Слава на тој што те укрепи, Слава на тој што те освети, Слава на
тој што преку тебе на сите нам ни дарува чудеса.

тропар на старец
Порфириј

## ПРЕПОДОБЕН СТАРЕЦ ПОРФИРИЈ КАВСОКАЛИВИТСКИ

Со одлука на светиот Синод на Константинополската Патријаршија, од 27 ноември 2013 год., блажениот старец Порфириј беше приброен кон диптихот на светиите. Како ден за негово литургиско празнување е одреден 02 декември по нов стил. Блажениот и светиот старец Порфириј е роден на 07 февруари 1906 год. во селото Свети Јован Каристиј, во близина на Аливерија. Неговите родители биле сиромашни, но побожни земјоделци. Татко му се викал Леонид Бајрактарис, а мајка му Елена, ќерка на Антониј Ламброс.

На светото крштение го добил името Евангелос и бил второ од петте деца на своите родители. Учителот поголемиот дел од времето бил болен, и децата малку научиле од него. Гледајќи го тоа сиромаштво, малиот Евангелос го оставил училиштето; работел на семејниот имот и го чувал добитокот што го поседувале. Татко му го научил на Молебниот канон на Пресвета Богородица, и на сѐ што се однесува на нашата вера, а што и самиот го знаел. Уште како дете, Евангелос брзо се развивал. Од најрана возраст бил уреден, грижлив, внимателен и ревносен и со тоа се разликувал многу од своите врсници.

Како млад го читал житието на свети Јован Каливит, и во него се родила желба за монашки живот. Кога имал дванесет години тргнал на пат на Света Гора, и на бродот го запознал својот иден духовник, старецот Пантелејмон. Тој го однел младиот Евангелос во својата испосница на Света Гора Атонска, во Кавсокаливија. Таму Евангелос се предал на строги подвизи. Ревносно се предал на доброволен, духовен подвиг, а се жалел на неговите духовници што не барале од него уште поголем подвиг. Неговиот подвиг бил непрестан, радосен и тежок. Би одел, на пример, бос по снегот и по камените стази. Спиел многу малку и тоа на подот, покриен само со едно ќебе, покрај отворен прозорец и тоа во време кога паѓало снег. Гол од појасот нагоре, правел многу метании за да не би го совладал сонот. Се бавел со дрводелие, сечел дрва, собирал полжави. За сето тоа време своето внимание го насочувал кон читање на тропарите од светите служби и ги учел на памет. При обавувањето на манастирските ракоделија, наизуст ги повторувал свештените Евангелија и ниедна лоша помисла не можела да се всели во неговото срце. Бил замонашен со името Никита.

Поради таквите подвизи Божјата благодат го посетила уште додека бил многу млад. После посетата на Божјата благодат дошло до темелни промени на душевните и телесните карактеристики на младиот Никита. Првиот благодатен дар бил тоа што можел да ги гледа старците кога се враќаат оддалеку, иако за физичкото око




биле невидливи. После овој дар дошле и други дарови. Можел да ги слуша и да ги разбира животинските и птичјите гласови, така што го дознавал и нивното потекло и нивната смисла. После скрушена молитва можел да гледа во длабочината на земјата, да го гледа и небескиот поредок, да открива изворишта на нафта, археолошки наоѓалишта, скриени гробници итн... Допирал и со својот допир лекувал. Се молел и молитвата постанувала дејствителна. Кога се користел со својот дар на расудување му се откривале скриените помисли на човечките срца. Со помош на Божествената благодат бил во состојба да го гледа минатото, сегашноста и иднината.

Но поради здравствени причини, а против својата волја, морал да ја напушти Света Гора Атонска. Така, како деветнаесетгодишно момче, го наоѓаме во манастирот на свети Харалмпиј во близина на неговото родно село. На 27 јули 1927 год. од страна на Архиепископот на Синај Порфириј трети, бил ракоположен во ѓаконски, а наредниот ден, на 28 јули, во свештенички чин. После тоа постанал и духовник, мноштво народ притекнувал кон него да се исповеда, бидејќи бил прозорлив познавач на човечките срца. Во 1938 година е одликуван во архимандритски чин. Некое време ја извршувал должноста парохиски свештеник во Евија. Набрзо после тоа, во 1940 год., по негово сопствено барање, а со цел да може да им помага на болните, бил поставен за духовник и парох во параклисот „Свети Герасим", којшто бил во склоп на поликлиниката која се наоѓала во Омонија во центарот на Атина. На ова послушание поминал цели триесет и пет години, напорно работејќи на спасението на поверениот му народ. Во целиот тој период страдал поради слабото здравје. Бил подложен на операција поради болест на бубрезите, доживеал инфаркт, значително му ослабел видот, а во периодот пред смртта сосема ослепел, но сепак тоа го разбирал како дар Божји и благодарел за тоа. Во периодот по неговото пензионирање во 1975 год., кога сосема ја напуштил службата во поликлиниката, останал во близина на Атина каде што основал женски манастир и продолжил со неуморниот духовен труд на исповедање и духовно раководење на мноштво народ. Во јуни 1991 година се исповедал и заминал на Света Гора во Кавсокаливија, по којашто целиот свој живот копнеел. Се повлекол сосема и таму ја очекувал својата смрт, односно преминот кон неминливото Царство Христово. Последната ноќ од овоземниот живот старецот се исповедал и се молел со умносрдечна молитва, додека неговите послушници со кој бил опкружен, ги читале псалмите и канонот за исход на душата и ја кажувале кратката молитва: „Господи, Исусе Христе, помилуј ме", сè додека потполно не го исполниле правилото за великосхимник. Претходно го слушнале како повторува еден збор, оној којшто се наоѓа на крајот од Новиот Завет: „Да дојди, дојди Господи Исусе"(Откр.22,20).

И Господ, Преслаткиот Исус навистина дошол. Преподобната душа на старец Порфириј го напуштила телото во 04 часот и 30 минути рано наутро, на 02 декември 1991 год. и се упатила кон небото. Старчевото чесно тело, облечено во монашка облека, било положено во соборниот храм на Кавсокаливија. Во текот на целиот ден тамошните отци, според монашкиот обичај, читале Евангелие, а во текот на ноќта служеле сеноќно бдение. Во раната зора на 03 декември 1991 год. земјата го покри чесното тело на преподобниот старец, во присуство само на неколку отци на свештениот скит Кавсокаливија. Веста за неговото претставување, во согласност со желбата на старецот, беше дури тогаш соопштена.

По молитвите на светиот Порфириј, Господ и нас да нè помилува! Амин.

напишал: свештеник Александар Стојаноски



ОГЛАСИТЕЛНО СЛОВО НА СВЕТИОТ ОТЕЦ НАШ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ, АРХИЕПИСКОП КОНСТАНТИНОПОЛСКИ

# ХРИСТОС ВОСКРЕСНА НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА

Кој е побожен и богољубив, нека се наслади од ова чудесно и светло торжество. Кој е благоразумен слуга, радувајќи се нека влезе во радоста на својот Господ. Кој се потрудил постејќи, сега нека ја прими својата награда. Кој работел од првиот час, денес нека ја прими заслужената плата. Кој дошол во третиот час, нека празнува со благодарност. Кој стигнал по шестиот час, нека не се сомнева, зашто не ќе загуби ништо. Кој го пропуштил и деветиот час, нека пристапи без колебање и страв. Кој стигнал дури во единаесеттиот час, нека не се плаши поради доцнењето: бидејќи овој прекрасен Господар е дарежлив – го прима последниот како и првиот, го успокојува оној кој дошол во единаесеттиот час, исто како и оној кој работел од првиот час. На едниот му дава заслужена награда, а другиот го милува; на едниот му дава, а на другиот му дарува; делата ги прима, а намерата ја почитува; и трудот го цени и приносот го фали.

Затоа, влезете сите во радоста на својот Господ; и првите и останатите плата примете; богати и сиромаси, еден со друг ликувајте; кои се воздржувавте и кои сте биле мрзливи, чествувајте го денот; и вие кои постевте и вие кои не постевте, веселете се денес! Трпезата е преполна, сите насладете се! Телето е угоено, никој да не си замине гладен, сите насладете се со гозбата на верата, примете го богатството на добрината! Никој да не се жали поради сиромаштијата, зашто се покажа заедничкото царство. Никој да не ги оплакува гревовите, зашто од гробот заблеска прошка. Никој нека не се плаши од смртта, зашто смртта на Спасителот не ослободи; ја изгасна Оној Кој беше задржан од неа. Го заплени адот Оној Кој слезе во него, се огорчи адот вкусувајќи го Телото Негово.

И, предвидувајќи го ова, Исаија воскликна: Адот се огорчи, кога долу Те сретна; се огорчи, зашто беше опустошен; се огорчи, зашто беше исмеан; се огорчи, зашто беше умртвен; се огорчи, зашто беше урнат; се огорчи, зашто беше окован; прими тело, а Го најде Бога; прими земја, а сретна небо; Го прими она што го гледаше, а падна во она што не го гледаше.

Каде ти е, смрт, бодилото? Каде ти е, Аду, победата? Воскресна Христос и ти се струполи! Воскресна Христос и паднаа демоните! Воскресна Христос и се радуваат ангелите! Воскресна Христос и животот победи! Воскресна Христос и ниеден мртов не остана во гробот. Зашто, Христос, воскресна и стана првина меѓу умрените. Нему слава и чест низ сите векови. Амин.

# ВЕСТИ И НАСТАНИ ОД ЕПАРХИЈАТА

Неговото високопреосвештенство, Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф, на покана од директорката г-ѓа Ристенка Атанасова, го посети Домот за деца без родители „11 Октомври“ во Скопје.



Неговото високопреосвештенство, Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф, во чест на празникот посветен на светиот архангел Михаил и сите ангелски сили, во с. Јегуновце ја освети новоизградената трпезарија при храмот „Свети архангел Михаил“.



Неговото високопреосвештенство, Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф, оствари средба со свештениците од Тетовското и Гостиварското архиерејско намесништво.



На 26. 11. 2013, Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф, во својот кабинет го прими тетовскиот муфтија, г. Аљиефекри Есати, заедно со неговите соработници.



На 09. 12. 2013, Неговото високопреосвештенство, Митрополитот тетовско -гостиварски г. Јосиф, го посети храмот „Св. Георгиј Победоносец“ во с. Туденце - Тетовско.



На 21. 12. 2013, Архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан и Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф, го посетија храмот „Свети Атанасиј“ во с. Брвеница. Благочестивиот народ со радост ги пречекаа Поглаварот и својот надлежен архиереј.



На 21.12.2013, Архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан и Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф, по покана на благочестивото семејство на г. Горан и г-ѓа Ѓурѓица Симјаноски од село Брвеница, го осветија нивниот семеен угостителски објект.



На 21. 12. 2013, Неговото високопреосвештенство, Митрополитот тетовско-гостиварски г.Јосиф, посети неколку сиромашни семејства во месноста Колтук - Тетовско и во име на Епархијата донираше пакети со прехранбени производи.



На 03. 01. 2014, во просториите на Тетовско-гостиварската митрополијата, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот г. Јосиф оствари средба со г-ѓа Теута Арифи, градоначалник на град Тетово.



На 05. 01. 2014, Неговото високопреосвештенство, Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф, богослужеше света Божествена литургија во манастирскиот комплекс „Св. Наум Охридски“ на Попова Шапка.



На 06. 01. 2014, Неговото високопреосвештенство, митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, по повод празникот Бадник го посети православниот храм во селото Мала Речица, Тетовско.



На 06. 01. 2014, Неговото високопреосвештенство, митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, присуствуваше на Божикниот концерт во соборниот храм „Свети Кирил и Методиј" во Тетово.



На 08. 01. 2014, тетовско-гостиварската епархија и Митрополитот г. Јосиф, ги посети г-ѓа Маја Иванова, сопруга на Претседателот на Р. Македонија. По средбата, митрополитот Јосиф и г-ѓа Иванова го посетија 13-членото семејство Апостоловски од с. Старо Село.



На 09. 01. 2014 г. Митрополитот г. Јосиф, заедно со претседателот г. Ѓорге Иванов, претседателот на Собранието г. Трајко Вељаноски, и премиерот г. Никола Груевски, како и Митрополитот кумановско-осоговски г. Јосиф, присуствуваше на свечениот ручек по повод имендент на Архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан.



На 31. 01. 2014, Неговото високопреосвештенство, Митрополитот тетовско -гостиварски г. Јосиф, отслужи света Божествена Литургија и ги прекрши славскиот колач во манастирот „Свети Атанасиј Велики" на тетовското кале.



На 03. 02. 2014, во посета на Тетовско-гостиварската епархија и на Неговото високопреосвештенство, Митрополитот г. Јосиф, присуствуваше г. Велимир Стојковски, Ректор на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје.



IC XC
NI KA




главен уредник: Митрополит тетовско-гостиварски г. Јосиф
редакција: свештеник Александар Стојаноски, свештеник Жарко Мицкоски
графички дизајн и ликовно обликување: Ангел Мицевски
Фотографии за вести и настани: Синиша Георгиев

www.tge.mk

